**ДП. бр. 3/14**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на Република Македонија (подолу како ДК при КИРМ), во состав: извршител Снежана Фитеска претседател на ДК на Комората на извршители на РМ, извршител Саветка Георгиева член-известител на Дисциплинска Комисија, судија Владимир Панчевски Основен суд С 1 С, судија Сандра Крстиќ Основен суд С 1 С и Зулќуфли Ајвази од Министерство за правда на РМ, како членови на Дисциплинска Комисија, и Билјана Николовска како записничар, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр.09-68 од 22.01.2014 година на Министерот за правда на РМ, во присуство на обвинетиот извршител З.П од С лично, по одржан претрес на ден 28.02.2014 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

СЕ ОГЛАСУВА за виновен Извршител З.П именуван за подрачјето на Основниот суд С 1 - С и Основниот суд С 2 - С со адреса на ул ---------------- во С

ЗАТОА ШТО:

1.Извршителот З.П од С при спроведување на извршувањето по предметот И бр.2040/12 не ги доставил Заклучокот за првата продажба на недвижноста со усно јавно наддавање од 19.09.2012 година и Заклучокот за втората продажба на недвижноста со усно јавно наддавање од 25.10.2012 година до лицата кои имале законско право на првенствено купување и до надлежниот орган на управата, со што постапил спротивно на член 167 став 4 и член 168 став 1 од Законот за извршување, а в.в. со член 15 од Законот за земјоделско земјиште .

2. Извршителот З.П од С при спроведување на извршувањето по предметот И бр.2040/12 второто усно јавно наддавање за продажба на недвижноста врз која се спроведувало извршување не го одржал во законски определениот рок, односно од одржувањето на првото усно јавно наддавање на ден 09.10.2012 година до одржувањето на второто усно јавно наддавање на ден 13.11.2012 година поминале повеќе од 30 дена, со што постапил спротивно на членот 174 став 3 од Законот за извршување со кој е

пропишано дека од првото до второто јавно наддавање мора да изминат најмалку 15 дена, но не повеќе од 30 дена.

**Со кои дејствија** извршителот З.П од С постапувајќи по предмет И.бр. 2040/12 СТОРИЛ ДИСЦИПЛИНСКА ПОВРЕДА по член 54-д став 1 алинеја 5 од ЗИ :"при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни со овој закон", опишана во точка 1 и опишана во точка 2
па со примена на правилата на казнено право член 40 и член 41 од КЗ за вонредно ублажување на казната врз основа на 54 –а од Закон за извршување му се изрекува

ПАРИЧНА КАЗНА

во висина од ------- евра во денарска противредност по среден курс на НБРМ на ден на изрекување

СЕ ЗАДОЛЖУВА Извршител З.П од С утврдената парична казна од ова решение да ја плати во рок од 15 дена од приемот на решението а под страв на присилно извршување.

*Образложение*

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП.бр.09-68 од 22.01.2014 година е поднесен од страна на Министерот за правда против извршителот З.П од С врз основа на Извештај за спроведен вонреден надзор врз работата на извршителот бр.09-68 од 21.01.2014 година. Предлогот се поднесува со наводи дека извршителот сторил дисциплинска повреда по член 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување затоа што при спроведување на извршувањето по предметот И бр.2040/12 не ги доставил Заклучокот за првата продажба на недвижноста со усно јавно наддавање од 19.09.2012 година и Заклучокот за втората продажба на недвижноста со усно јавно наддавање од 25.10.2012 година до лицата кои имале законско право на првенствено купување и до надлежниот орган на управата, со што постапил спротивно на член 167 став 4 и член 168 став 1 од Законот за извршување, а в.в. со член 15 од Законот за земјоделско земјиште како и со наводи дека извршителот З.П од С при спроведување на извршувањето по предметот И бр.2040/12 второто усно јавно наддавање за продажба на недвижноста врз која се спроведувало извршување не го одржал во законски определениот рок, односно од одржувањето на првото усно јавно наддавање на ден 09.10.2012 година до одржувањето на второто усно јавно наддавање на ден 13.11.2012

година поминале повеќе од 30 дена, со што постапил спротивно на членот 174 став 3 од Законот за извршување со кој е пропишано дека од првото до второто јавно наддавање мора да изминат најмалку 15 дена, но не повеќе од 30 дена, па врз основа на што предлагачот смета дека извршителот сторил дисциплинска повреда :"при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни со овој закон" и предлага Дисциплинската комисија да поведе дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност и да му изрече соодветна дисциплинска мерка.

Извршителот З.П во своја одбрана на главен претрес и во писмен одговор од ден 12.02.2014 година наведе дека фактичката состојба во предлогот е точно прикажана меѓутоа дека пропуштените дејствија не довеле до никакви штетни последици за странките, учесниците и третите лица, бидејќи недвижноста не била продадена на првата, ниту на втората лицитација а кога недвижноста била продадена на трета (втора продолжена) усна јавна продажба, за истата уредно биле известени сите лица кои согласно закон требало да бидат известени. Извршителот неведе и дека отсуството на последици од пропуштањето на превземање на дејствија ослободува од одговорност. Понатаму, дека никој од заинтересираните лица ја нема оспорено со приговор за неправилности ниту со тужба пред суд Законитоста на заклучокот за извршена продажба. Исто така, извршителот наведе и дека согласно начелото "nullum crimen, nulla poena sine lege " утврдено со чл. 14 од Уставот на РМ и чл.1 од Крвичниот законик на РМ, извршителот не може да сноси дисциплинска одговорност за непревземање на дејствија бидејќи во одредбите од членовите 54-в, 54-г и 54-д не е предвидена дисциплинска повреда во случај на пропуштање на превземање на дејствие односно со несторување, а од друга страна со одредбата 54-д алинеја 5 е предвидена дисциплинска повреда поради превземање на дејствија спротивно на законот или дејствија кои не се предвидени со законот а извршителот со своето постапување по предметот И.бр.2040/12 ниту превземал дејствија кои не се предвидени со закон ниту дејствија кои се спротивни на закон па согласно тоа истиот не може да биде казнет за дело кое не е предвидено како казниво.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес на ден 28.02.2014 година, ги дозволи и изведе следните докази:

1. Извештај УПП.бр.09-68 од 21.01.2014 година на Министерство за правда на РМ;
2. Барање 20.09.2012 година на извршител З.П од С;
3. Заклучок за усна јавна продажба И.бр.2040/12-5 на извршител З.П од С;
4. Доставница за достава на Заклучок И.бр.2040/12 до Тутунска банка АД С;
5. Доставница за достава на Заклучок за утврдена вредност на недвижност и Заклучок за прва усна јавна продажба И.бр.2040/12 до С.К;
6. Повратница за достава на Заклучок за утврдена недвижност и Заклучок за прва усна јавна продажба И.бр.2040/12 до П.К;
7. Објава во дневен весник Дневник од 20.09.2012 година на Заклучок за усна јавна продажба И.бр.2040/12 на извршител З.П од С;

8. Записник од 09.10.2012 година за продажба на недвижност со усно јавно наддавање врз основа на член 175 став 4 од ЗИ на извршител З.П од С;
9. Доставница И.бр. 2040/12 за достава на Записник за усна јавна продажба до НЛБ Тутунска банка АД С ;
10. Повратен рецепис од пошта со назнака „не побарал“ за достава на Записник за усна јавна продажба до П.Код С ;
11. Доставница И.бр.2040/12 за достава на Записник И.бр.2040/12-6 до С.К од С;
12. Заклучок за втора усна јавна продажба И.бр.2040/12-7 од ден 25.10.2012 година на извршител З.П од С;
13. Доставница за достава на Заклучок И.бр.2040/12 до Тутунска банка АД С;
14. Доставница за достава на Заклучок И.бр.2040/12 до С.К;
15. Повратен рецепис од пошта за достава на Заклучок за втора усна јавна продажба И.бр.2040/12-7 до П.Код С;
16. Објава на Заклучок за втора усна јавна продажба И.бр.2040/12 во дневен весник Дневник од ден 27.10.2012 година;
17. Записник И.бр.2040/12-8 од ден 13.11.2012 година за продажба на недвижност со усно јавно наддавање врз основа на член 175 став 4 од ЗИ на извршител З.П од С;
18. Доставница И.бр.2040/12 за достава на Записник И.бр.2040/12-8 од 13.11.2012 година до НЛБ Тутунска банка АД С ;
19. Повратен рецепис од пошта за достава на Записник И.бр.2040/12-8 од 13.11.2012 година до П.Код С;
20. Предлог за определување на продажба на недвижност бр.03-23026 од 01.10.2013 година на НЛБ Тутунска банка АД С;
21. Предлог за определување на цена за продажба на недвижност бр.03-10000 од 04.12.2013 година на НЛБ Тутунска банка АД С;
22. Заклучок за утврдување на вредност на недвижност за трета (втора продолжена) усна јавна продажба И.бр.2040/12-9 од 05.12.2013 година на извршител З.П од С ;
23. Заклучок за трета (втора продолжена) усна јавна продажба И.бр.2040/12-10 од 05.12.2013 година на извршител З.П од С ;
24. Објава на Заклучок за трета (втора продолжена) усна јавна продажба И.бр.2040/12-10 од 05.12.2013 година на извршител З.П од С во дневен весник Нова Македонија од ден 06.12.2013 година;
25. Известување И.бр.2040/12 од 05.12.2013 година на извршител З.П од С до Република Македонија преку Државно правобанителство на РМ;
26. Известување И.бр.2040/12 од 05.12.2013 година на извршител З.П од С до Е.Л од С;
27. Известување И.бр.2040/12 од 05.12.2013 година на извршител З.П од С до М.А од С;
28. Известување И.бр.2040/12 од 05.12.2013 година на извршител З.П од С до Ј.Ѓ од С;
29. Доставница за достава на Известување И.бр.2040/12 од 05.12.2013 година до Ј.Ѓ од С;
30. Доставница за достава на Известување И.бр.2040/12 од 05.12.2013 година до М.А од С;
31. Доставница за достава на Известување И.бр.2040/12 од 05.12.2013 година до Е.Л од С со службена белешка од 06.12.2013 година;
32. Доставница за достава на Заклучок за висина на вредноста на недвижноста и заклучок за трета продажба И.бр.2040/12 до С.К од С;

33. Доставница И.бр.2040/12 за достава на Заклучок И.бр.2040/12-9 и Заклучок И.бр.2040/12-10 до НЛБ Тутунска банка АД С ;
34. Барање 10/13-1999 на извршител З.П од С од ден 05.12.2013 година до Град С, Градоначалник на град С – Сектор за финансии ;
35. Повратница од пошта за достава на Заклучок за И.бр.2040/2012 и Заклучок за И.бр. 2040/2012 до П.Код С ;
36. Допис од Државно правобранителство на РМ Р.бр.687/13 од 16.12.2013 година;
37. Записник за продажба на извршител З.П од С ;
38. Доставница И.бр.2040/12 од 26.12.2013 година за достава на Записник И.бр.2040/12 и Записник И.бр.20.20/12 од 25.12.2013 година за достава до НЛБ Тутунска банка АД С;
39. Допис до РМ преку Државно правобранителство И.бр.2040/12 од 05.12.2013 година со прилог Заклучок за трета (втора продолжена ) продажба на извршител З.П од С;
40. Известување до Влада на РМ И.бр.2040/12 од 20.12.2013 година на извршител З.П од С;
41. Заклучок за продажба на недвижност И.бр.2040/12-12 од 25.12.2013 година на извршител З.П од С;
42. Записник за продажба на недвижност со усно јавно наддавање од 24.12.2013 година на извршител З.П од С;
43. Доставница за достава на Заклучок И.бр.2040/12 од 25.12.2013 година до В.Д од С ;
44. Доставница за достава на Заклучок И.бр.2040/12 од 25.12.2013 година до Ј.Ѓ од С ;
45. Повратен рецепис со назнака „не побарал“ за достава на Заклучок И.бр.2040/12-13; Заклучок И.бр.2040/12-14 и Заклучок И.бр.2040/12-15 до П.Код С;
46. Доставница И.бр.2040/12 за достава на Записник И.бр.2040/12-11 од 24.12.2013 и Заклучок И.бр.2040/12-12 од 25.12.2013 година до НЛБ Тутунска банка АД С;
47. Заклучок за извршена продажба на недвижност И.бр.2040/12-13 од 30.12.2013 година на извршител З.Под С;
48. Заклучок за предавање на недвижност во владение И.бр. 2040/12-14 од 31.12.2013 година на извршител З.П од С ;
49. Доставница за И.бр.2040/12 за достава на Заклучок И.бр.2040/12-13 и Заклучок И.бр.2040/12-14 до Ј.Ѓ од С;
50. Доставница И.бр.2040/12 за достава на Заклучок И.бр.2040/12-13, Заклучок И.бр.2040/12-14 и Заклучок И.бр.2040/12-15 до НЛБ Тутунска банка АД С

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одбраната на извршителот, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

На ден 13.08.2012 година извршителот примил барање за извршување од доверителот НЛБ Тутунска Банка АД С против должникот П.Ки заложниот должник С.К, врз основа на извршна исправа Нотарски акт ОДУ бр. 01/09 од 13.01.2009 година на Нотар С.Бод С со клаузула на извршност од 22.06.2010 година, за наплата на парично побарување - главен долг во износ од ---- ЕВРА, како и споредни побарувања (камата и трошоци).
Постапувајќи по барањето за извршување извршителот изготвил и доставил до заложниот должникот С.К Налог за извршување заради испразнување и предавање недвижност (врз основа на член 218 став 2 од Законот за извршување) И.бр. 2040/12-1

од 21.08,2012 година. Примерок од налогот за извршување е доставен и до доверителот и должникот.
На ден 05.09.2012 година извршителот изготвил Налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 154 од Законот за извршување) И.бр. 2040/12-2 со кој што определил да се спроведе извршување врз недвижноста на заложниот должник С.К од С запишана во Имотен лист бр.860 при Агенцијата за катастар на недвижности на РМ - Центар за катастар на недвижности С, за КО Д.Водно со следниве ознаки: КП бр.660, дел 7, план 004, скица 007, култура 14000, класа 2, место викано Бела куќа во површина од 853 м2 .Наведениот налог извршителот го доставил до Агенцијата за катастар на недвижности на РМ - Центар за катастар на недвижности С на ден 06.09.2012 година. Извршителот примерок од налогот за извршување доставил до доверителот и до должникот П.Код С.
На ден 10.09.2012 година извршителот изготвил Заклучок за определување вешто лице И.бр. 2040/12-3 со кој што го определил лицето В.Ндипл.архитект од С да изврши проценување на недвижноста предмет на извршување,
На ден 13.09.2012 година извршителот донел Заклучок за утврдување вредност на недвижност И.бр. 2040/12-4 со кој што врз основа на мислењето и наодот на проценителот вредноста на предметната недвижност ја утврдил на износ од .----- денари (------ евра). Наведениот заклучок е доставен до должникот и до заложниот должник.
На ден 19.09.2012 година извршителот издал Заклучок за усна јавна продажба со кој што определил на ден 09.10.2012 година да се одржи прва продажба со усно јавно наддавање на недвижноста со следниве ознаки: КП бр.660, дел 7, план 004, скица 007, култура 14000, класа 2, место викано Бела куќа во површина од 853 м2. Извршителот Заклучокот за усна јавна продажба од 19.09.2012 година го доставил до доверителот, заложниот должник и до должникот. Извршителот не го доставил Заклучокот за усна јавна продажба од 19.09.2012 година до лицата кои имаат законско право на првенствено купување.
На ден 20.09.2012 година извршителот, видно од Барање доставено до Град С Градоначалник на Град С, Сектор за финансии од 20.09.2012 година, го доставил Заклучокот за прва усна јавна продажба И.бр.2040/12-5 од 19.09.2012 година и побарал органот да го извести дали недвижноста која е предмет на прва усна јавна продажба е оптоварена со неплатени даноци и ако е, износот на даноците.
На ден 09.10.2012 година била одржана првата продажба на недвижноста предмет на извршување со усно јавно наддавање на која немало понудувачи, односно учесници заинтересирани за купување на недвижноста. Примерок од наведениот записник е доставен до доверителот, заложниот должник и должникот.
На ден 25.10.2012 година извршителот издал Заклучок за втора усна јавна продажба со која што определил на ден 13.11.2012 година да се одржи втора продажба со усно јавно наддавање на недвижноста предмет на извршување. Извршителот заклучокот го доставил до доверителот, должникот и до заложниот должник. Извршителот не го доставил Заклучокот за усна јавна продажба од 25.10.2012 година до лицата кои имаат законско право на првенствено купување и до надлежниот орган на управата.
На ден 13.11.2012 година била одржана втората продажба на недвижноста со усно јавно наддавање на која немало понудувачи, односно учесници заинтересирани за купување на недвижноста. Примерок од наведениот записник е доставен до доверителот, заложниот должник и должникот.

На ден 04.10.2013 година извршителот од доверителот примил Предлог за определување на продажба на недвижност со кој што доверителот предложил да се одржи нова продажба на недвижноста предмет на извршување.
Доверителот со писмен поднесок заведен во канцеларијата на извршителот на 05.12.2013 година му предложил на извршителот на новата продажба на недвижноста предмет на извршување да се определи почетна цена за продажба во висина од ----евра во денарска противвредност.
На ден 05.12.2013 година извршителот издал Заклучок со кој што вредноста на предметната недвижност за трета (втора продолжена) усна јавна продажба ја утврдил на износ од ----- ден. како цена под која не може да се продаде недвижноста и истиот го доставил до заложниот должник и до доверителот.
Истиот ден на 05.12.2013 година извршителот издал и Заклучок за трета (втора продолжена) усна јавна продажба со кој што за ден 24.12.2013 година определил спроведување на трета (втора продолжена) усна јавна продажба на недвижноста запишана во ИЛ бр.860 запишана при Агенција за катастар на недвижности на РМ - Центар за катастар на недвижности С, за КО Д.Водно со следниве ознаки: КП бр.660, дел 7, план 004, скица 007, култура 14000, класа 2, место викано Бела куќа во површина од 853 м2. Заклучокот е доставен до доверителот и до заложниот должник со јавна објава.
На ден 05.12.2013 година извршителот изготвил Известување со кое што ја известува Република Македонија преку Државното Правобранителство на РМ како законски застапник, дека како граничар на недвижноста предмет на продажба има законско право на првенствено купување на недвижноста на трета (втора продолжена) усна јавна продажба закажана за ден 24.12.2013 година. Видно од приемниот штембил кој што е втиснат на наведеното Известување, Државното Правобранителство на Република Македонија го примило наведеното известување од извршителот на ден 10.12.2013 година. Воедно извршителот заедно со Известувањето доставил до Државното Правобранителство на Р.М. примерок од Заклучокот за трета (втора продолжена) усна јавна продажба И бр.2040/12 од 05.12.2013 година.
Известување со ваква содржина извршителот изготвил и доставил до другите граничари со законско право на првенствено купување и тоа до : Л.Еод С, А.М од С и Ј.Год С.
Со писмен допис изготвен на 05.12.2013 година извршителот од Градоначалникот на Град С побарал податоци за тоа дали недвижноста предмет на продажба е оптоварена со неплатени даноци.
На ден 24.12.2013 година била закажана трета (втора продолжена) усна јавна продажба за која почетната цена е намалена на 922.950,00 денари, согласно одредбите на Законот за извршување, како и по писмен предлог на доверителот.
Со писмен допис Р.бр.687/13 од 12.12.2013 година., примен во канцеларијата на извршителот на ден 20.12.2013 година, Државното Правобранителство на РМ на извршителот му го вратило Заклучокот за прва продолжена продажба со усно јавно наддавање И бр.2040/12 од 05.12.2013 година и го известило дека Заклучокот согласно Законот за користење и располагање со ствари во државна сопственост, треба да се проследи во Владата на Република Македонија.
На ден 20.12.2013 година извршителот , преку својот заменик В.Џод С изготвил и до Владата на Република Македонија доставил Известување за трета (втора продолжена) усна јавна продажба заедно со Заклучокот за трета (втора продолжена) усна јавна

продажба со усно јавно наддавање И бр.2040/12 од 05.12.2013 година и фотокопија од писмениот одговор на Државното Правобранителство на Република Македонија.Видно од Записникот за продажба на недвижност со усно јавно наддавање И бр.2040/12-11 на ден 24.12.2013 година се одржало првото продолжено усно јавно наддавање на кое како учесник се јавила В.Дод С која ставила најповолна понуда во износ од --------ден. По завршеното наддавање извршителот ја повикал Ј.Ѓ како лице со законско право на првенствено купување, да се изјасни дали недвижноста ја купува под исти услови, односно за иста цена од ------ ден. Откако Ј.Ѓ се изјаснила дека ќе го искористи законското право на првенствено купување и дека ја прифаќа понудената цена, извршителот на Записникот утврдил дека најповолен понудувач е Ј.Ѓ и дека нејзе и се продава недвижноста. Записникот бил доставен до доверителот и до заложниот должник преку јавна објава.

На ден 25.12.2013 година извршителот донел Заклучок за продажба на недвижност со усно јавно наддавање со кој што утврдил дека на усното јавно наддавање одржано на 24.12.2013 година за продажба на недвижноста запишана во ИЛ бр.860 при Агенција за катастар на недвижности на РМ - Центар за катастар на недвижности С, за КО Д.Водно со следниве ознаки: КП бр.660, дел 7, план 004, скица 007, култура 14000, класа 2, место викано Бела куќа во површина од 853 м2, најповолен понудувач е Ј.Ѓ од С и нејзе и се продава недвижноста за цена од ------- ден. Заклучокот за продажба на недвижност со усно јавно наддавање е доставен до доверителот, должникот, заложниот должник преку јавна објава , В.Ди купувачот Ј.Ѓ.

На ден 30.12.2013 година извршителот врз основа на член 175 став 7 од Законот за извршување донел Заклучок за извршена продажба на предметната недвижност. Заклучок за извршена продажба е доставен до доверителот, должникот, заложниот должник преку јавна објава и купувачот Ј.Ѓ.

На ден 31.12.2013 година извршителот донел Заклучок за предавање на недвижност во владение, кој што го доставил до доверителот, заложниот должник преку јавна објава и до купувачот Ј г. Истиот ден извршителот издал Заклучок за определување на времето за делба (врз основа на член 192 од Законот за извршување).

Во времето определено со Заклучокот, на ден 10.01.2014 година се одржала делбата на износот постигнат со продажбата на предметната недвижност, за што извршителот составил Записник. На ден 13.01.2014 година извршителот издал Заклучок за намирување со кој што го намирил Град С и доверителот.

Вака утврдената фактичка состојба не ја спори ниту извршителот освен во делот дека за првата продажба заклучокот за продажба е доставен до Секторот на финансии на градоначалникот на град С.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на Република Македонија на главен претрес на ден 28.02.2014 година одлучувајќи по повод основаноста на Предлогот на Министерот за правда УПП бр.09-68 од 22.01.2014 година утврди дека извршителот З.П од С сторил дисциплинска повреда на начин што при спроведување на извршување по предметот И.бр.2040/12 продал недвижност на трета (втора продолжена) усна јавна продажба, како што е именувана во заклучокот на извршителот ( согласно член 180 став 4 од ЗИ прво јавно наддавање во продолжена

постапка) , на еден од граничарите со недвижноста кој го искористил своето законско право на првенствено купување, откако претходно ниту на првата ниту на втората усна јавна продажба не биле известени лицата кои согласно закон имаат право на првенствено купување на недвижноста од причина што извршителот не ги доставувал заклучоците за прва и втора усна јавна продажба а не бил известен ни надлежниот орган на управата, со што извршителот постапил спротивно на член 167 став 4 од Законот за извршување каде е предвидено дека заклучокот за продажба се доставува покрај останатите, и до лицата кои имаат запишано или законско право на првенствено купување и до надлежниот орган на управата а воедно ваквото постапување на извршителот е спротивно и на член 15 од Законот за земјоделско земјиште. Дисциплинската комисија е на став дека извршителот ја сторил дисциплинската повреда што му се става на товар предвидена со член 54-д алинеја 5 од ЗИ од причина што со своето постапување по предмет И.бр 2040/12 и преземените дејствија одржал две јавни наддавања спротивно на законските одредби без да ги достави заклучоците за усна јавна продажба до сите лица до кои бил должен да ги достави. Постапувајќи на ваков начин извршителот превзел дејствија спротивни на одредбата од член 167 став 4 од ЗИ со што им било ускратено законското право на првенствено купување на лицата кои имаат запишано или законско право на првенствено купување да бидат известени дека се спроведува постапка на извршување со продажба на недвижниот имот, како и правото на надлежниот орган на управата да биде известен за продажба на имот кој може да е оптоварен со долг на име неплатени даноци. Понатаму, ДК при КИРМ утврди и дека извршителот постапувајќи по извршниот предмет И.бр.2040/12 строил дисциплинска повреда затоа што надвор од своите законски овластувања закажал и одржал втора усна јавна продажба надвор од законскиот рок, односно по истекот на 30 дена од одржаната прва усна јавна продажба со кои дејствија постапил спротивно на предвиденото во член 174 став 3 од Законот за извршување со што го сторил битието на делото за кое се товари по член 54-д став 1 алинеја 5 од ЗИ: "при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни со овој закон". Имено, ДК смета дека со тоа што извршителот заклучоците за усна јавна продажба ниту за првата ниту за втората не ги доставил до сите лица до кои се доставуваат согласно со член 167 став 4 од ЗИ како и тоа дека втората усна јавна продажба ја одржал спротивно на законскиот рок односно надвор од законскиот рок по истекот на 30 дена предвидено од член 174 став 3 од ЗИ ги сторил повредите кои му се ставаат на товар односно превземал дејствија во текот на извршувањето кои се спротивни со Законот за извршување.

Како во преземените дејствија од страна на извршителот се содржани сите битни елементи на дисциплинскта повреда :"при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни со овој закон" од чл. 54-д став 1 алинеја 5 од ЗИ, Дисциплинсктаа комисја го огласи за виновен за сторени повреди и за истото му изрече парична казна во износ од ------евра.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се олеснителната околност дека извршителот претходно не е дисциплински казнуван а како отежнителна околност тоа што извршителот е со долгогодишно работно искуство како извршител па истиот бил должен и знаел дека со тоа што превземал дејсвија спротивни на одредбите на законот за извршување прави повреда како и тоа што со ваквиот начин на постапување е предизвикана правна несигурност кај странките и учесниците во постапката независно од тоа што во текот на извршувањето немало приговори од ниту една странка, па во склоп на истите му ја одмери казната. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата казна ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден година согласно чл. 59-в став 1 алинеја 3 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10) одлучи како во изреката на ова решение.

Согласно чл. 54-б став 2 в.в со чл. 61 ст.2 од ЗИ се задолжува обвинетиот извршител З.П да плати на име парична казна износ во висина од -------- евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекување, на сметка на Комората на извршители бр.--------- во Стопанска банка АД С, во рок од 15-дена од прием на одлуката, а под страв на присилно извршување.

Дисциплинска комисија на КИРМ

Претседател

Снежана Фитеска

-----------------------------

**Правна поука** : против оваа одлука извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РМ во рок од 30 дена по приемот

**Дн:** Претседател на КИРМ

Министерство за правда

Извршител З.П

Архива